историографијата на Босна и Херцеговина туку и за целата југословенска историографија. Авторот на делото согледува некои значајни елементи од изградбата на државноста на Босна и Херцеговина кои се слични со другите републики, но има и такви специфичности кои упатуваат и на споредбени проучувања. На крајот, од самиот факт што Босна и Херцеговина се конституира во федеративна единица во Југословенската федерација, произлегува и неспорниот интерес и корисност и за проучувањата во нашата република, чиј што пат до создавањето на македонската државност беше исполнет со многу тешкотии.

Новица ВЕЛЈАНОВСКИ

## ИЗВОРИ ЗА ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА 1941—1945

**Том I, книга седма: Документи на Третиот обласен комитет на Комунистичката партија на Македонија, април 1943 — август 1944. Избор и редакција: д-р Миле Тодоровски (Новинско-издавачка организација „Студентски збор" — Скопје, Институт за национална историја Скопје 1983, 371)**

Продолжувајќи го публикувањето на едицијата: Извори за Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија 1941—1945, во март месец 1983 година излезе од печат книга Седма: *Документи на Третиот областен комитет на Комунистичката партија на Македонија април 1943 — август 1944,* во избор и редакција на д-р Миле Тодоровски, научен советник во ИНИ — Скопје. Од вкупниот број на 85 приложени документи на Третиот областен комитет на КПМ, 77 се објавуваат за првпат, додека другите 8 се објавени во целина или делумно на други места. Раководејќи се од принципот на фондовското објавување на документите, за обработка се земени само документите од Третиот областен комитет, започнат со работа во април 1943 година, што ги опфаќал териториите на Велешко, Тиквешијата, Гевгелиско и на дел од Мариово, заклучно со август 1944, кога од постојните пет по одлука на ЦК КПМ биле формирани четири обласни комитети. Книгата е комплетирана со предговор на авторот, потоа со кратенки, регистар на лични имиња, регистар на географски поими како и тематско-предметен регистер.

Во почетокот на книгата дадени се извештајот и писмото на Борко Темелковски, секретар на Третиот ОК на КПМ до ЦК на КПМ, датиран и од април 1943 година. Во нив Б. Темелковски известува за состојбата на организацијата во заднината, за воените работи и подготовките вршени во Третиот ОК, како и за деталното опишување на работата на организациите што влегу-

вале во Третиот ОК. Во продолжение даден е летокот на Третиот ОК упатен до населението во Третата област, со кој се известува населението од селата и градот да не ја дава овчата волна на окупаторот, но истовремено се повикува за вооружена борба против окупаторот. Авторот отстапил место и на извештаите и на Директивното писмо на Мито Хаџивасилев, член на Третиот ОК упатено до Борко Темелковски и до членовите на КПМ во Тиквешко од крајот на јуни и почетокот на јули 1943 година, како и извештајот од јули до ЦК на КПМ. Во нив тој подробно ја прикажува ситуацијата на кадровската состојба и работата во ОК осврнувајќи се критички на некои пропусти направени од партиските организации во Тиквешко во подготовките за вооружена борба, со посебен осврт на теророт вршен од окупаторот врз населението од овој крај. Придружувајќи се кон хронолошкото објавување на документите, авторот му отстапил место и на Прогласот на Третиот ОК до Македонците од Гевгелиско, Тиквешко и други места, од почетокот на август, како и на двата летци до народот во Тиквешко, Гевгелиско, Велешко и други места, од септември. Во нив на народот му се укажува на брзата и скорешна пропаст на окупаторот со истовремен повик да се вклучи во борбата и целото население од овој крај.

Во извештајот од Маца Карбева, член на Третиот ОК, до Борко Темелковски, од октомври, како и во опширното писмо од Борко Темелковски кој во меѓувреме станал делегат на ЦК на КПМ при Третиот ОК до ЦК на КПМ, од ноември посебен акцент е ставено врз политичката состојба во Гевгелиско. Во своето писмо Б. Темелковски посебно се задржува на акциите на 1 и 2 баталјон, ја изнесува состојбата на теренот и натамошното развивање на вооружената борба на овој терен. Во продолжение даден е и заедничкиот извештај на Никола Минчев, секретар на Третиот ОК и Маца Карбева, до ЦК КПМ, од декември, како и опширниот извештај од Н. Минчев до Б. Темелковски од јануари 1944 година за состојбата на теренот, доаѓањето на Косовскиот баталјон под команда на Зуфер Мусиќ, потоа за некои организациони прашања и сл. Како дополнување на овие извештаи, прикажан ни е во целина и Извештајот на Н. Минчев до Б. Темелковски, од 17 јануари 1944 година. Таму е прикажана целокупната дотогашна работа со осврт врз работата на Околискиот комитет, на СКОЈ и на другите организации, потоа е прикажана политичката дејност на Партијата и слабостите како и внатрешната поделба и врските меѓу ЦК и базата на ОК. Во продолжение се дадени и извештајот на Вера Ацева, нов секретар на Третиот ОК до ЦК КПМ, писмото на Н. Минчев до Б. Темелковски, извештаите на Вера Ацева до Кузман Јосифовски, член на ЦК на КПМ и до самиот ЦК КПМ, како и краткиот извештај на Н. Минчев до Борко Темелковски, кои добиваат една заокружена целина со писмо-

то на Петар Пепељуговски, член на Третиот ОК до Б. Темелковски, сите датирани од февруари 1944 година.

Писмото и извештајот на Н. Минчев до Б. Темелковски се документи датирани од март месец, во кои се опишува состојбата на теренот со посебен осврт за ситуацијата и врските со СКОЈ, за раздвижувањето на бугарските и германските војски, за создавањето врски за исфрлање на нови борци, за работата на народната власт како и за прашањата непосредно поврзани со движењето. Во извештајот на В. Ацева до ЦК на КПМ од средината на март месец, се дава опширен преглед за воспоставувањето на врски со градските организации на Македонија и нивното натамошно активирање во Народноослободителната борба. Со лична содржина се и писмото и извештајот на В. Ацева до ЦК на КПМ од крајот на март и почетокот на април, за некои пролбеми непосредно произлезени од теренот и нивно решавање. Со лична содржина и проблемска разработка се и писмата н извештајот на В. Ацева до ЦК на КЗМ од крајот на март и пичетокот на април, за некои проблеми непосредно произлезени од теренот и нивно решавање. Со слична содржина и проблемска разработка се и писмата на М. Карбева до Љупчо Арсов, член на Петтиот ОК, писмото на В. Ацева до Љ. Арсов, **извештајот** на В. Ацева до ЦК на КПМ, потоа летокот од Третиот ОК до населението на Тиквеш и Велешко во врска со убиството на Димче Мирчев и Киро Атанасов во Кавадарци, како и писмото на Н. Минчев до М. Карбева, сите датирани од април месец 1944 година.

Во извештајот на Вера Ацева до ЦК на КПМ од почетокот на мај се дава преглед на состојбата во Велес што во тоа време го зафатила провала, потоа одржување контакти за префрлање на борци на слободната територија, понатаму за силата на окупаторската војска во реонот и за општата ситуација на теренот. Во продолжение дадени се и писмата на Петар Пепељуговски и на Ацо Ицев до В. Ацева, потоа писмата и извештајот на В. Ацева до ЦК на КПМ, во кои се зборува за активноста на воен план на теренот, врските со другите единици од Македонија, формирањето на новиот одред „Трајче Петкановски" и неговите активности, со посебен осврт на некои проблеми од личен и друг карактер. Со слична содржина е и писмото на Н. Минчев во В. Ацева од крајот на мај месец во кое е дадена дејноста на Втората македонска бригада на теренот на Тиквешијата, додека за врските и за работата на партиските организации на теренот како и за натамошните акции на одредот „Т. Петкановски" се зборува во извештајот на В. Ацева до ЦК на КПМ од крајот на мај 1944 година. Ваква содржина има и извештајот на Н. Минчев до В. Ацева, како и четирите писма на В. Ацева до Добривое Радосављевиќ, инструктор на ЦК на

КПМ што потекнуваат од почетокот на месец јуни. Од средината на јуни е датиран извештајот на Н. Минчев и М. Карбева до В. Ацева за одвивањето на понатамошните работи околу организирањето на теренот на Велешко за поорганизирана борба против окупаторот со посебен осврт врз вооружените дејствија на одредот „Т. Петкановски". За акциите на одредот „Т. Петкановски" и за II бригада, како и за обидите да се воспостави врска со III бригада на теренот се зборува во писмото на М. Карбева до Љ. Арсов од месец јули. За акциите на окупаторската војска и нејзината бројност на теренот, за зголемувањето на вооружените одреди со нови борци како и за врските со одредите и партиските организации со Обласниот комитет се зборува во извештајот на Мито Хаџивасилев, член на Третиот ОК, до В. Ацева, потоа во писмото на М. Карбева до В. Ацева и до Љупчо Арсов како и во писмото на В. Ацева до Д. Радосавлевиќ, датирано од месец јули. Во пократка форма и со слична содржина се и трите писма на М. Хаџивасилев до В. Ацева од месец јули, но со разни местоположби. За иселувањата што ги вршел окупаторот на населението од Кавадарска и Ѓевгелиска околија и за акциите во натамошното приклучување на нови борци, со посебен осврт на акциите на III бригада и активноста на Формираниот отпорано реон за масовизирањето на вооружената борба, среќаваме во писмото на В. Ацева до Љ. Арсов и во извештајот на Н. Минчев до В. Ацева од месец јуни. Анализирајќи ја состојбата на теренот по разгорувањето на вооружената борба со посебно задржување на акциите на одредот „Т. Петкановски" и на баталјонот „М. Ацев", В. Ацева пишува во своите писма до ЦК на КПМ, до Околискиот комитет на КПМ за Прилеп и до Љ. Арсов, од средината и крајот на јули. Во продолжение на книгата даден е рефератот на Мито Хаџивасилев: „Селото во денешната борба", во кој се изнесува значењето за учеството на селанските маси во вооружената борба, потоа писмата на В. Ацева и М. Карбева до Љ. Арсов, како и писмото на М. Карбева до ЦК на КПМ и до Н. Минчев, датирани од месец август. Како завршен документ, кој, се тезите на М. Хаџивасилев, за политичката борба од месец август, каде што се изнесени размислувањата на М. Хаџивасилев ја улогата на младите и постарите генерации како и на народните маси и Македонците во Бугарија во постојаната борба да истакнеме дека објавува- и државност. Со овој документ, авторот ги заокружува документите што се однесуваат на работата на Третиот ОК и на неговата активност и улога во настаните непосредно поврзани со Народноослободителната борба.

На крајот како заклучок треба да истакнеме дек аобјавувањето на книга Седма: *Документи на Третиот областен комитет*, претставува значаен придонес во нашата понова историографија.

Тоа се должи, пред сè на фактот што документите, вака избрани и редактирани од д-р Миле Тодоровски, **во многу ќе ја** олесна̄т работата на идните истражувачи што ќе се занимаваат со проучување работата на партиските организации, вооружената борба, одредите, баталјоните, бригадите и сл. не само од Третиот ОК, туку и пошироко.

**Ѓорѓи МАЛКОВСКИ**

## Стоилко ИВАНОВСКИ-ПЛАНИНСКИ: Васил АНТЕВСКИ-ДРЕН КНИГА ДЕВЕТТА

**(Архив на Скопје. Скопје 1981., 223 + илустрации)**

Во издание на Градскиот одбор на Здружението на борците од НОВ и Архивот на Скопје кои во рамките на заедничката програма за издавачка дејност покренаа една мошне благородна акција за издавање посебна едиција под наслов: „Светли ликови од револуционерното минато на Скопје", посветена на животниот и борбениот пат на народните херои на Југославија и истакнатите револуционери од Скопје, во 1981 од печат излезе книга деветта: Васил Антевски-Дрен од Стоилко Ивановски-Планински.

Авторот својот труд од 223 страници содржински го распоредил на седум, различни по обем, насловни глави со соодветен број меѓунаслови, кои добиваат една заскружена целина со белешката на издавачот и предговорот на авторот, поместени на почетокот и регистерот н личните имиња на крајот од книгата. Авторот, во основа, користејќи се со архивска граѓа и со оригинални искажувања на поголем број соборци на Васил Антевски, ни го прикажува животниот пат на револуционерот од неговото раѓање па до загинувањето, чиј пат бил испреплетен со постојана и непомирлива борба за национално, социјално и економско ослободување на македонскиот народ од ненародниот режим на кралството Југославија и фашистичкиот бугарски окупатор.

Во воведната Прва глава: *Детството на Васил Антевски-Дрен*. Стоилко Ивановски-Планински пре ку фамилијата на Васил Антевски не запознава со најкарактеристичните особини на живеење на населението од Азот-Велешко, во чии прекрасни зелени прегратки се наоѓа и родното село на Васил — Оморани. Осврнувајќи се во кратки црти за фамилијата на Васил, која и покрај големиот напор и физичка работа одвај составувала крај со крај за голиот живот, авторот дава и една мала предисторија за минатото на с. Оморани, почнувајќи од неговиот постанок, проследено со борба против вековните турски зулуми во селото, па сé до доаѓањето на Бугарите за време на Првата светска војна. разработени во: *Васил — прво машко дете на семејството на Коце Антевски* и *Приказните на оморанчани за родниот крај и селото*